**20260711098**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 24 март 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2026 ГОДИНА**

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2026 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Со оваа програма се планира финансирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција на простор за детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 79.485.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 150.01 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните проекти:

- опремување на детска градинка во Општина Ѓорче Петров,
- опремување на детска градинка во Општина Аеродром и
- опремување на детска градинка во Општина Карпош.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се користат и за реализирање на планирани проекти во 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година за кои веќе се отпочнати постапки за јавни набавки: градежни работи за изградба на детски градинки во општините Могила, Желино, Карпош, Валандово, Зелениково, Брвеница, Аеродром–Буба Мара, објект Пчелка 1 и Гази Баба н.м.Сингелиќ 2, доградба на детски градинки во Општината Карбинци и опремување на детски градинки во општините:Гази Баба, Кочани, Могила и Делчево.

II. Следење на спроведувањето на оваа програма, врши Министерството за социјална политика, демографија и млади и доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.12.2026 година.

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 57-2946/5
24 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.